# ДВИЖЕЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДЕЛ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

## Буџетски корисници и регулаторни тела

**КВАНТИТАТИВЕН ИНФОРМАТОР**

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

**Проект:**
"Поддршка на македонската парламентарна реформа"

**Имплементатор:**
Фондација за демократија на Вестминстер (Македонија)

**Автори:**
Петар Трајков
Сања Трифуновска
Надире Љатифи

**Април, 2018**

Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамките на проектот "Поддршка на македонската парламентарна реформа" финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасда Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

WESTMINSTER FOUNDATION FOR DEMOCRACY

# ДВИЖЕЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДЕЛ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

## Буџетски корисници и регулаторни тела

### КВАНТИТАТИВЕН ИНФОРМАТОР

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................................... 5

I. Плати на административните службеници ......................................................................... 7

I. 1. Движење на платите на административните државни службеници .............................. 7

I. 2. Просечни нето и бруто-плати во јавната управа во однос на просечните нето и бруто-плати во Република Македонија од 2010 година до денес ........................................ 10

I.3. Бруто и нето-плати за дел од буџетските корисници на Централниот буџет од 2016 до 2018 година ........................................................................................................................ 15

I.4. Расходи за плати и надоместоци и за привремени вработувања од вкупните расходи во буџетот на Република Македонија за периодот од 2010 до 2018 година ..... 20

I.5. Бруто и нето-плати во регулаторните тела во Република Македонија за 2016 година ........................................................................................................................ 23

Листа на извори ........................................................................................................................ 26

# ВОВЕД

Предмет на овој квантитативен преглед е приказот на движењето на платите во јавната администрација, потоа буџетските расходи за плати и надоместоци и за привремени вработувања за периодот од 2010 година до денес, како и расходите за плати и надоместоци по вработен за одделни буџетски корисници на Централниот буџет[1]. Исто така, во овој преглед даден е и приказ на просечните месечни бруто-плати по вработен во регулаторните тела.

Податоците користени во квантитативниот преглед се преземени од официјалните извештаи, соопштенија и билтени на Државниот завод за статистика на Република Македонија и на Министерството за финансии на Македонија, како и финансиските и годишните извештаи на регулаторните тела на Република Македонија. Квантитативниот информатор содржи и сопствени пресметки на авторот.

Иако не постои единствена концизна дефиниција за јавната администрација, постои широка согласност помеѓу научната заедница под овој поим да се подразбираат сите јавни институции што се непосредно вклучени во примената на законите на една држава. Во развиените демократски држави, овие институции служат како сервис на граѓаните во остварувањето на сите права што им се гарантираат со закон. Според Л. Д. Вајт, „Јавната администрација ја сочинуваат сите операции што имаат цел остварување и извршување на јавните политики“. Од држава до држава се бележат разлики во правниот статус на оваа категорија вработени, но најчесто се нарекуваат јавни службеници, државни службеници, административни службеници и сл. Во Република Македонија од 2014 година вработените во јавната администрација се нарекуваат административни службеници. Административните службеници се вработените во државната и јавната администрација, кои вршат административни работи: стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа. Со други зборови, овие вработени решаваат предмети по барања на граѓаните и правните лица кога остваруваат свои права или исполнуваат законски обврски кон државата, спроведуваат надзор (инспекциски, стручен и сл.), вршат стручни анализи, подготвуваат прописи за потребите на органите на државната власт итн.[2]

Платите на вработените во јавниот сектор се регулирани фрагментарно – со посебни закони и колективни договори. Законот за административни службеници содржи регулација на платите, додатоците и надоместоците на плати исклучиво за групата административни службеници. За останатите групи вработени во јавниот сектор, кои го сочинуваат поголемиот број вработени во јавниот сектор, правото на плата е утврдено во посебните закони (на пример, Закон за внатрешни работи, Закон за служба во армијата и др.), додека, пак, компонентите на плата, додатоците и надоместоците, како и начинот на пресметка и нивната висината се регулирани во колективни договори, правилници, одлуки и сл. Од аспект на целокупниот јавен сектор, евидентно е постоењето на неконзистентен систем на плати. Има диспропорција на висината

---

[1] ЗАКОН ЗА БУЏЕТИТЕ; Службен весник на Република Македонија бр. 64/05, 0 (Службен весник на Република Македонија бр. 64/05, 04/08, 103/08, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 156/09, 95/10, 180/11и 171/12 и 171/12 и 171/12); Централен буџет е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, а се однесува на буџетските корисници на централната власт и ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.
[2] КОЛКАВ И КАКОВ ЈАВЕН СЕКТОР ИМАМЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (РМ)? Центар за управување со промени (ЦУП) јануари, 2017 https://cup.org.mk/publications/Monitoring%20izvestaj_Mac_f%20(2).pdf

на платите на вработените, дури и кога вршат ист вид работи и работни задачи. Платите во одредени институции, како што се регулаторните тела, фондовите и 29 јавни претпријатија, се значително повисоки отколку платите на вработените кај буџетските корисници. Вака поставениот платен систем создава и тешкотии при управувањето, особено во случаи на зголемување или намалување на висината на платите, што доведува до уште поголема неурамнотеженост. Како последица на ваквиот неунифициран систем, се добиваат незадоволство и демотивираност на голем дел од вработените, како и заминување на квалитетните кадри од јавните институции.[3]

[3] СТРАТЕГИЈА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 2018-2022 година, 1.12.2017 г.
http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/SRJA_2018-2022_20022018_mk.pdf

# I. ПЛАТИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

## I. 1. ДВИЖЕЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Според Законот за административни службеници, административен службеник е лице што засновало работен однос поради вршење административни работи во **органите на државната и локалната власт и институциите што вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес, кои се организирани како агенции, фондови, јавни установи и јавни претпријатија, основани од Република Македонија или од општините и од градот Скопје**. Административниот службеник може да биде **државен службеник**, доколку е вработен во органите на државната и локалната власт, и **јавен службеник**, доколку е вработен во институциите што вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес.

Определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници во судството и јавното обвинителство, дипломатијата, царинската и даночната администрација, инспекциските служби, државната ревизија и ревизијата на ИПА, регулаторните тела и Народната банка на Република Македонија, целосно или делумно се уредени со посебни закони и колективни договори што се различни од Законот за административни службеници.[4]

Платата на административниот службеник се состои од **основна компонента и исклучителна компонента**. Основната компонента на плата ја сочинуваат:

- дел на платата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

Делот на плата за степенот на образование и нивото на кое е распореден административниот службеник се вреднува со соодветни бодови, а вредноста на бодот за пресметување на платите на **државните службеници** се утврдува со одлука на Владата на Република Македонија или во општините и во Градот Скопје со одлука на Советот на општината, т.е. на Градот Скопје, и тоа за секоја година посебно.[5] Вредноста на бодот за пресметување на платите на **јавните службеници** се утврдува со одлука на основачот, на предлог на надлежниот функционер, и може да биде повисока од бодот на државните службеници. Делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво.

Исклучителната компонента ја сочинуваат:

- додаток на плата за посебни услови за работа (работа изложена на висок ризик или работа во кабинет),
- додаток на плата заради приспособување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.[6]

---

[4] ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, член 4 http://www.mio.gov.mk/files/pdf/dokumenti/zakoni/zas/ZAS_konsolidiran_13022018.pdf

[5] ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2017 ГОДИНА http://www.slvesnik.com.mk/Issues/bbbbe866c8e5449a83fcdc5541d6d858.pdf стр.26

[6] ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, член 87 http://www.mio.gov.mk/files/pdf/dokumenti/zakoni/zas/ZAS_konsolidiran_13022018.pdf

Основната компонента на платата на **административните државни службеници** (делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво) **се движи од 18.893 денари бруто месечна плата за помошно-стручен административен службеник од четврто ниво, до 80.256 денари бруто месечна плата за секретар од прво ниво.**

**Табела 1. Основна компонента на бруто-платата на административните државни службеници за 2017 година (месечно)**

| Административен државен службеник | бодови (образование + ниво) | бруто-плата | нето-плата |
|---|---|---|---|
| А1 - секретар од прво ниво (државен секретар) | 1.045 | 80.256,0 | 53.464,0 |
| А2 - секретар од второ ниво (генерален секретар) | 906 | 69.580,8 | 46.450,0 |
| А3 - секретар од трето ниво (секретар на град Скопје) | 861 | 66.124,8 | 44.179,0 |
| А4 - секретар од четврто ниво (секретар на општини во град) | 796 | 61.132,8 | 40.899,0 |
| А5 - секретар од петто ниво (секретар на општини во село) | 706 | 54.220,8 | 36.358,0 |
| Б1 - раководен административен службеник од прво ниво | 716 | 54.988,8 | 36.863,0 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво | 696 | 53.452,8 | 35.854,0 |
| Б3 - раководен административен службеник од трето ниво | 606 | 46.540,8 | 31.312,0 |
| Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво | 546 | 41.932,8 | 28.285,0 |
| В1 - стручен административен службеник од прво ниво | 481 | 36.940,8 | 25.005,0 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво | 421 | 32.332,8 | 21.978,0 |
| В3 - стручен административен службеник од трето ниво | 406 | 31.180,8 | 21.221,0 |
| В4 - стручен административен службеник од четврто ниво | 376 | 28.876,8 | 19.707,0 |
| Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво | 296 | 22.732,8 | 15.671,0 |
| Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво | 281 | 21.580,8 | 14.914,0 |
| Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво | 266 | 20.428,8 | 14.157,0 |
| Г4 - помошно-стручен административен службеник од четврто ниво | 246 | 18.892,8 | 13.148,0 |

**Графикон 1. Основна компонента на бруто-платата на административните државни службеници за 2017 година**




Според прикажаните податоци во табела 1 и графикон 1 и 2, може да се забележи дека **државните секретари (секретар од прво ниво) имаат највисоки месечни бруто-примања (без вклучен додаток за стаж) од 80.256 денари, односно 53.464 денари нето-примања**, додека, пак, **најниски примања имаат помошно-стручните вработени од четврто ниво**, за кои се бара средно образование и кои имаат минимум месечни бруто-примања (без вклучен додаток за стаж) **од 18.892 денари, односно 13.148 денари нето.**

**Графикон 2. Основна компонента на нето-платата на административните државни службеници за 2017 година**




# I. 2. ПРОСЕЧНИ НЕТО И БРУТО-ПЛАТИ ВО ЈАВНАТА УПРАВА ВО ОДНОС НА ПРОСЕЧНИТЕ НЕТО И БРУТО-ПЛАТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД 2010 ГОДИНА ДО ДЕНЕС

Според Државниот завод за статистика, „Вкупно исплатените бруто-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси за: пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување, за професионално заболување. Вкупно исплатените нето-плати опфаќаат: исплатени нето-плати за извештајниот месец за работа во полно работно време, покусо од полното и подолго од полното работно време (прекувремена работа), надоместоци на нето-платата од средствата на деловниот субјект за годишен одмор, државни празници, платено отсуство до седум дена, платено отсуство за стручно

образование, за боледување до 21 ден и сл., надоместоци на нето-платата на товар на други работодавци за време поминато на вежба по покана на надлежен државен орган, цивилна заштита и сл.“.[7]

**Табела 2: Просечни месечни бруто и нето-плати во секторот Јавна управа[8] и одбрана; задолжително социјално осигурување во Република Македонија, споредено со просечната месечна бруто и нето-плата во РМ во периодот од 2010 година до денес и број на вработени[9]**

| | Бруто-плата[10] | | | Нето-плата | | | Број на вработени во секторот Јавна управа и одбрана; соц. осигурување[11] | % од вкупно вработени во РМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Просечна (во денари) | Просечна плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | Просечна плата/ просечна плата во јавна управа | Просечна (во денари) | Просечна плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | Просечна плата/ просечна плата во јавна управа | | |
| **2010** | 30.225 | 36.800 | 122% | 20.553 | 24.855 | 121% | 42.474 | 15,02 |
| **2011** | 30.602 | 36.715 | 120% | 20.847 | 24.826 | 119% | 43.258 | 14,91 |
| **2012** | 30.669 | 36.901 | 120% | 20.902 | 24.967 | 119% | 44.006 | 14,78 |
| **2013** | 31.025 | 37.057 | 119% | 21.145 | 25.055 | 118% | 44.102 | 15,39 |
| **2014** | 31.325 | 37.460 | 120% | 21.394 | 25.326 | 118% | 44.262 | 15,59 |
| **2015** | 32.173 | 38.387 | 119% | 21.906 | 25.940 | 118% | 46.774 | 15,09 |
| **2016** | 32.822 | 39.633 | 121% | 22.342 | 26.734 | 120% | 47.364 | 15,28 |
| **2017 месец XI** | 34.079 | 41.294 | 121% | 23.196 | 27.805 | 120% | | |

[7] Официјалната интернет-страница на Државниот завод за статистика на Република Македонија, пристапено на 2.10.2015 г. http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=41&rbrObl=14

[8] Напомена: [ISIC Rev.4 code O, UNSTATS], Јавна администрација (управа), одбрана и задолжително социјално осигурување: категоријата ги опфаќа дејностите од административна природа, кои, по правило, ги извршува јавната администрација. Тука се вклучени извршувањето на судските одлуки и извршувањето на законите и подзаконските акти, и извршувањето на активностите што произлегуваат како законска обврска, стручните работи поврзани со подготовката на прописи, оданочувањето, националната одбрана, јавниот ред и мир, имиграционите услуги, надворешните работи и извршувањето на владините политики. Во категоријата се вклучени и дејностите од областа на задолжителното социјално осигурување.

[9] Извор: Државен завод за статистика http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[10] Согласно методологијата на Народна банка на Република Македонија, податоците за исплатените нето и бруто-плати по вработен се базираат врз месечни извештаи од деловните субјекти во приватна и друга (општествена, државна, задружна и мешовита) сопственост со различни дејности во Република Македонија, согласно податоците изготвени од Државниот завод за статистика на Република Македонија.

[11] Во оваа класификација на дејност влегуваат сите вработени што го сочинуваат одделот 84 од Национална класификација на дејности – НКД Рев. 2 и според регистрацијата во Централниот регистар. Тука спаѓаа следните поткатегории на дејноста: Државна управа, економска и социјална политика на земјата (општи дејности на јавната управа; регулирање на дејностите на институциите што обезбедуваат здравствена заштита, образование и култура и други социјални услуги; управување и давање помош за поуспешно деловно работење), Обезбедување услуги на земјата во целина (надворешни работи; работи на одбраната; судски и правосудни дејности; работи на јавниот ред и безбедноста; дејности на пожарникарски служби), Дејности на задолжително социјално осигурување http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi.aspx?id=2

**Графикон 3. Просечни месечни бруто и нето-плати во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување во Република Македонија, споредено со просечната месечна бруто и нето-плата во РМ во периодот од 2010 година до денес и број на вработени**




Извор: Државен завод за статистика

Од прикажаните податоци во табела 2 и графикон 3, од 2010 година до денес може да се забележи тренд на зголемување на просечната месечна бруто-плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување, и тоа од 36.800 во 2010 година на 41.300 на крајот од 2017 година (ноември). Ваквиот тренд на зголемување е поголем од зголемувањето на просечната месена бруто-плата, која од 30.225 денари во 2010 година се искачи на 34.079 денари, што значи дека разликата помеѓу просечната месечна бруто-плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување и просечната месена бруто-плата во РМ од **6.575 денари** во 2010 година се зголеми на **7.215 денари** во ноември 2017 година. Сличен тренд бележи и нето-износот, и тој од 24.855 денари во 2010 година се зголеми на 27.805 денари во ноември 2017 година, што во однос на просечната месечна нето-плата е повеќе за **4.300 денари** во 2010 година, т.е. **4.609 денари** во ноември 2017 година. Исто така, значајно е да се напомни дека бројот на вработени во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување е во постојан пораст и **од 42.474 во 2010 година се искачил на 47.364 во 2016 година, што претставува околу 15% од вкупно вработените во Република Македонија за време на анализираниот период (графикон 2).**

**Графикон 4. Просечни бруто и нето-месечни плати во секторот Јавна управа и одбрана, споредено со останатите сектори на дејност во ноември 2017 година[12]**




[12] Просечно исплатена нето-плата по вработен, по сектори на дејност, по НКД Рев. 2, по месеци.

Од илустрираните податоци во графикон 4 може да се забележи дека во ноември 2017 година просечната месечна бруто и нето-плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување е повисока од повеќето сектори на дејност, односно само секторите: **Финансиски дејности и дејности на осигурување со 62.789 денари бруто и 42.204 денари нето-плата**, Информации и комуникации со 54.716 денари бруто и 36.919 денари нето-плата, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 54.355 денари бруто и 36.446 денари нето-плата, потоа Рударство и вадење камен со 42.912 денари бруто и 28.979 денари нето-плата, и Стручни, научни и технички дејности со 41.827 денари бруто и 28.507 денари нето-плата, имаат повисоки просечни месечни бруто и нето-плати од просечните бруто и нето-плати во Република Македонија, додека, пак, сите останати сектори на дејност имаат помали бруто и нето-примања. Најниски месечни примања имаат вработените во секторите Административни и помошни услужни дејности, каде што просечната месечна плата изнесува 24.762 денари бруто и 17.077 денари нето, и секторот **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна, каде што просечната месечна плата е најниска и изнесува 24.205 денари бруто и 16.656 денари нето-плата.**

[13] Податоците се сопствена пресметка на авторот и се добиени како количник од ставката бруто-плати за секој поединечен буџетски корисник со бројот на вработени во соодветната година.

# I.3. БРУТО И НЕТО-ПЛАТИ ЗА ДЕЛ ОД БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ ОД 2016 ДО 2018 ГОДИНА[13]

**Табела 3. Расходи за бруто и нето-плати по вработен (месечни) за дел од буџетските корисници – Централен буџет[14]**

| Расходи по буџетски корисник - Централен Буџет | буџет 2016-бруто | буџет 2016-нето | завршна 2016-бруто | завршна 2016-нето | буџет 2017-бруто | буџет 2017-нето | буџет 2018-бруто | буџет 2018-нето |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор | 29,350 | 20,019 | 26,542 | 18,174 | 28,256 | 19,310 | 28,445 | 19,441 |
| Министерство за труд и социјална политика | 28,586 | 19,517 | 28,243 | 19,292 | 28,876 | 19,717 | 30,830 | 21,008 |
| Министерство за информатичко општество | 28,722 | 19,606 | 28,601 | 19,527 | 31,070 | 21,159 | 37,419 | 25,337 |
| Влада на Република Македонија | 37,793 | 25,566 | 29,347 | 20,017 | 48,147 | 32,378 | 47,724 | 32,108 |
| Министерство за финансии | 32,521 | 22,102 | 30,543 | 20,802 | 33,599 | 22,820 | 34,438 | 23,379 |
| Министерство за правда | 33,107 | 22,487 | 31,987 | 21,751 | 32,293 | 21,962 | 33,828 | 22,978 |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 32,663 | 22,195 | 32,339 | 21,982 | 32,141 | 21,862 | 32,206 | 21,913 |
| Просечна плата во РМ | 32,822 | 22,300 | 32,822 | 22,340 | 32,867 | 22,339 | | |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 37,903 | 25,638 | 35,241 | 23,889 | 37,467 | 25,362 | 35,613 | 24,151 |
| Министерство за економија | 39,489 | 26,680 | 35,903 | 24,324 | 39,155 | 26,470 | 41,040 | 27,716 |
| Министерство за транспорт и врски | 34,580 | 23,455 | 35,932 | 24,343 | 37,125 | 25,137 | 36,711 | 24,872 |
| Претседател на Република Македонија | 52,178 | 35,017 | 42,520 | 28,671 | 51,341 | 34,476 | 47,499 | 31,960 |
| Министерство за здравство | 42,281 | 28,514 | 42,530 | 42,530 | 45,893 | 30,897 | 40,884 | 27,614 |
| Просечни расходи за плата за буџетските корисници | 42,563 | 28,700 | 42,563 | 28,700 | | | | |
| Министерство за образование и наука | 46,502 | 31,287 | 45,278 | 30,484 | 47,192 | 31,751 | 46,193 | 31,102 |
| Државна изборна комисија | 40,152 | 27,116 | 49,688 | 33,381 | 43,364 | 29,236 | 41,453 | 27,988 |
| Министерство за внатрешни работи | 47,334 | 31,834 | 51,135 | 34,331 | 51,527 | 34,599 | 52,711 | 35,384 |
| Собрание на Република Македонија | 58,709 | 39,308 | 56,377 | 37,775 | 56,683 | 37,986 | 60,373 | 40,418 |
| Јавно обвинителство на Република Македонија | 53,001 | 35,557 | 57,153 | 57,153 | 57,942 | 38,813 | 55,262 | 37,060 |
| Агенција за разузнавање | 50,565 | 33,957 | 58,268 | 39,018 | 60,766 | 40,669 | 55,774 | 37,397 |
| Државен завод за ревизија | 65,916 | 44,042 | 64,257 | 42,953 | 65,641 | 43,872 | 67,854 | 45,333 |
| Уставен суд на Република Македонија | 65,742 | 43,928 | 66,019 | 44,110 | 66,516 | 44,446 | 66,750 | 44,608 |
| Министерство за надворешни работи | 91,584 | 60,906 | 80,033 | 53,317 | 87,112 | 57,978 | 92,495 | 61,522 |
| Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот | 100,308 | 66,638 | 96,071 | 63,854 | 96,088 | 63,875 | 41,897 | 28,279 |

[14] Годишен извештај од РЕГИСТАРОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР 2016 http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/Godisen_izvestaj_2016_Registar_na_vraboteni_vo_JS.pdf

**Графикон 5. Реализирани месечни расходи за бруто-плати по вработен за дел од буџетските корисници[15] на Централниот буџет за 2016 година[16]**




[15] Избраните буџетски корисници се според бројот на вработени лица и висината на средствата за плати и надоместоци.
[16] Податоците за бројот на вработените се според буџетите за 2016, 2017 и 2018 година, додека, пак, за расходите за плати и надоместоци, според завршната сметка за 2016 година, и буџетите за 2017 и 2018 година. Во бројот на вработените се вклучени сите избрани и именувани лица (министри, пратеници, директори и други функционери) што работат во соодветните институции и расходите што институциите ги имаат по однос на плати и надоместоци за овие лица.

**Графикон 6. Реализирани месечни расходи за нето-плати по вработен за дел од буџетските корисници[17] на Централниот буџет за 2016 година[18]**




[17] Избраните корисници се според бројот на вработени лица и висината на средствата за плати и надоместоци.
[18] Податоците за бројот на вработените се според буџетите за 2016, 2017 и 2018, додека, пак, за расходите за плати и надоместоци, според завршната сметка за 2016 година, и буџетите за 2017 и 2018 година. Во бројот на вработените се вклучени сите избрани и именувани лица (министри, пратеници, директори и други функционери) што работат во соодветните институции и расходите што институциите ги имаат по однос на плати и надоместоци за овие лица.

Според податоците во буџетот за 2016 година, бројот на вработените во буџетските корисници изнесува **50.723**, а износот за реализираните средства за вкупни плати и надоместоци за 2016 година изнесува 25.907.403.000, што значи дека просечниот износ за плати и надоместоци (бруто-износ) по вработен кај сите буџетските корисници на Централниот буџет изнесува **42.563 денари, што е за речиси 10.000 денари поголем износ во однос на просечната бруто-плата во Република Македонија за 2016 година,[19] или просечната месечна нето-плата по вработен кај сите буџетски корисници за 2016 година изнесува 28.700 денари, што, пак, е поголема за 6.360 денари од просечната месечна нето-плата во Република Македонија.[20]** Од анализираните буџетски корисници, може да се заклучи дека најголеми средства за бруто и нето-плати по вработен на месечно ниво во 2016 година се издвоени за **Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, и тоа по 96.071 денар просечна бруто-плата по вработен, односно 63.854 денари просечна нето-плата по вработен**, по што следува Министерството за надворешни работи со 80.033 денари просечна месечна бруто-плата по вработен или 53.317 денари просечна месечна нето-плата по вработен, потоа вработените во Уставниот суд на Република Македонија, каде што просечната месечна бруто-плата по вработен изнесува 66.019 денари или 44.110 денари просечна месечна нето-плата по вработен и Државниот завод за ревизија со просечна месечна бруто-плата по вработен од 64.257 денари, односно 42.953 денари месечна просечна нето-плата по вработен. Од друга страна, најниски месечни расходи за бруто и нето-плати во 2016 година биле реализирани во Владата на Република Македонија, каде што просечно по вработен се реализирале 29.347 денари бруто, т.е. 20.017 денари нето-плата, потоа следува Министерството за информатичко општество и администрација со 28.601 денар бруто-плата, односно 19.527 денари нето-плата, Министерството за труд и социјална политика со 28.243 денари бруто, односно 19.292 денари просечна месечна нето-плата по вработен и **Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор со најниска месечна бруто-плата по вработен од 26.542 денари, или 18.174 денари месечна нето-плата по вработен.**

[19] Буџет на РМ 2018 година, стр. 21 до 68 https://www.finance.gov.mk/mk/node/4105
[20] Податоците за нето-платите се сопствена пресметка на авторот http://plata.m.ie.mk/

**Графикон 7. Промена кај проектирани расходи за плати и надоместоци по вработен за 2017/2016, 2018/2017 и 2018/2016 година за дел од буџетските корисници[21] на Централниот буџет[22]**




[21] Избраните буџетски корисници се според бројот на вработените лица и висината на расходите за плати и надоместоци.
[22] Податоците за бројот на вработени се според буџетите за 2016, 2017 и 2018 година, додека, пак, за расходите за плати и надоместоци, според завршната сметка за 2016 година, и буџетите за 2017 и 2018 година.

Што се однесува, пак, до проектираните расходи за бруто-плати за избраните буџетски корисници на Централниот буџет за 2018 година, може да се забележи дека во однос на проектираните месечни бруто-плати во 2016 година, најголеми промени се забележани кај проектираните расходи за плати и надоместоци во Министерството за информатичко општество и администрација и во Владата на Република Македонија, и тоа имаме зголемување на проектираните месечни расходи за плати и надоместоци по вработен за 30% во Министерството за информатичко општество и администрација, што е последица на зголемената сума за плати и надоместоци од 76.171.000 во 2016 година на 94.744.000 во 2018 година, и намалување на бројот на вработени од 221 на 211. Друго значително отстапување во позитивна смисла имаме во Владата на РМ, и тоа зголемување на просечните бруто-плати по вработен за 26%, што, пред сѐ, се должи на намалувањето на бројот на вработените лица од 683 на 431, а предвидената сума за оваа намена се намалила од 309.755.000 денари во 2016 година на 246.830.000 денари во 2018 година. Од друга страна, пак, во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот имаме големо намалување на проектираните месечни расходи за плати и надоместоци по вработен за 58% во 2018 година во однос на 2016 година, што се должи на намалувањето на бројот на вработените лица од 82 во 2016 година на 58 во 2018 година, односно укинување на економските промотори.[23]

## I.4. РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ И ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА ОД ВКУПНИТЕ РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2010 ДО 2018 ГОДИНА

Од податоците во табелата во продолжение може да се забележи дека од 2010 година до 2018 година, расходите наменети за плати и надоместоци се во нагорна линија, и тоа во 2010 година биле реализирани вкупно 22.638.361.127 денари, додека, пак, во 2018 година за оваа ставка се предвидени 27.125.688.000 денари. Од аспект на нивното учество во вкупните расходи, забележливо е дека ставката Плати и надоместоци се движи во надолна линија и нејзиното учество од 15% во 2010 година е намалено на 11,5% во 2018 година, а тоа се должи најмногу на континуираното зголемување на вкупните буџетски расходи во текот на овој период (од 150.273.975.076 денари за 2010 година на 234.408.721.000 денари за 2018 година). Истиот надолен тренд е забележлив и кај учеството на Платите и надоместоците во БДП, така што нивното учество од 5,18% во 2010 година се намали на 4,22% во 2017 година, пред сѐ, поради зголемената вредност на БДП (графикон 7). Од друга страна, пак, расходите за Привремени вработувања имаат одредени флуктуации низ годините, т.е. нивната вредност е највисока во 2010 година и изнесува 858.365.159 денари или 0,58% од вкупните буџетски расходи, за во следната година вредноста на реализираните расходи за ставката Привремени вработувања драстично да опадне на 97.842.273 денари или 0,06% од вкупните расходи. Ова е поради трансформацијата на голем дел (околу 5.000) од привремено вработените лица во трајно вработени.[24] Оваа бројка на привремени вработувања во натамошниот период бележи благ тренд на намалување заклучно со 2017 година, за кога беа предвидени 51.176.00 денари, односно 0,02% од вкупните расходи, и во 2018 година повторно е забележан благ пораст во предвидените расходи за привремени вработувања на 78.928.000 денари или 0,03% од вкупните расходи.

[23] http://24vesti.mk/namesto-promotori-ekonomski-atashea-kje-privlekuvaat-stranski-investicii
[24] https://www.mkd.mk/makedonija/ekonomija/chetvorica-vraboteni-vo-privatniot-sektor-izdrzhuvaat-po-eden-administrativec

**Табела 4: Расходи за плати и надоместоци и привремени вработувања од вкупните расходи во буџетот на РМ од 2010 до 2018 година**

| Расход | завршна 2010 | завршна 2011 | завршна 2012 | завршна 2013 | завршна 2014 | завршна 2015 | завршна 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **150,273,975,076** | **156,851,453,025** | **161,243,269,689** | **174,818,509,114** | **183,305,854,706** | **187,140,216,413** | **206,193,096,931** | **224,746,501,000** | **234,408,721,000** |
| **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **22,638,361,127** | **23,146,054,570** | **22,713,364,350** | **22,562,801,207** | **23,095,250,464** | **23,412,890,000** | **25,956,828,071** | **26,771,550,000** | **27,125,688,000** |
| Основни плати | 16,173,507,597 | 16,596,142,945 | 16,267,568,189 | 16,128,825,532 | 16,498,999,659 | 16,723,028,000 | 18,561,601,708 | 19,096,559,000 | 19,403,233,000 |
| Придонеси за социјално осигурување | 6,394,062,371 | 6,495,750,898 | 6,391,860,482 | 6,370,388,920 | 6,528,317,635 | 6,614,911,000 | 7,345,473,161 | 7,627,822,000 | 7,676,364,000 |
| Останати придонеси од плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Надоместоци | 70,791,159 | 54,160,727 | 53,935,679 | 63,586,755 | 67,933,170 | 74,951,000 | 49,753,202 | 47,169,000 | 46,091,000 |
| **СТОКИ И УСЛУГИ** | **31,700,671,829** | **32,037,359,069** | **33,464,952,341** | **34,010,706,586** | **35,232,490,415** | **38,993,903,710** | **38,720,868,552** | **42,946,749,000** | **42,560,062,000** |
| Привремени вработувања | 858,365,159 | 97,842,273 | 72,774,398 | 80,710,548 | 64,663,428 | 86,695,000 | 59,965,231 | 51,176,000 | 78,928,000 |
| **БДП** | **437,296,000,000** | **464,187,000,000** | **466,703,000,000** | **501,891,000,000** | **527,631,000,000** | **558,240,000,000** | **607,452,000,000** | **634,435,000,000** | |
| **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ % од вкупно** | **15.06%** | **14.76%** | **14.09%** | **12.91%** | **12.60%** | **12.51%** | **12.59%** | **11.91%** | **11.57%** |
| **Привремени вработувања % од вкупно** | **0.57%** | **0.06%** | **0.05%** | **0.05%** | **0.04%** | **0.05%** | **0.03%** | **0.02%** | **0.03%** |
| **Плати и надоместоци % од БДП** | **5.18%** | **4.99%** | **4.87%** | **4.50%** | **4.38%** | **4.19%** | **4.27%** | **4.22%** | |

Извор: Буџет и завршна сметка на буџетот на РМ во период од 2010 до 2018 година

**Графикон 8: Расходи за плати и надоместоци од вкупните расходи во буџетот на РМ од 2010 до 2018 година**




**Графикон 9: Расходи за плати и надоместоци како % од вкупните расходи во буџетот на РМ од 2010 до 2018 год и % од БДП**



# I.5. БРУТО И НЕТО-ПЛАТИ ВО РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

„Регулаторните тела се организации основани од страна на Владата со одговорност да ги следат, да ги насочуваат и да ги контролираат различните индустриски сектори во интерес на заштитата на потрошувачите." Затоа, примарен начин со кој се обликуваат регулаторните тела во Република Македонија претставува материјалниот закон со кој се уредуваат механизмите за функционирање одреден економски сектор, за кој е потребно да постои и соодветно тело со доделени јавни овластувања за самостојно и независно регулирање, односно контролирање на работите во тој сектор. Оттука, и правото на плата во регулаторните тела во Република Македонија е утврдено во посебните закони со кои се формирани тие.[25] Во табелата подолу се претставени просечните бруто и нето-плати по вработен во регулаторните тела во Република Македонија за 2016 година, согласно годишните и финансиските извештаи на секоја институција и според податоците достапни во годишниот извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор за 2016 година.

**Табела 5. Расходи за бруто и нето-плати по вработен (месечно) во регулаторните тела во Република Македонија за 2016 година**

| Расходи за бруто и нето-плати на регулаторни тела | Просечна бруто-плата по вработен | Број на вработени[26] | Расходи за бруто-плати за 2016 г. | Просечна нето-плата по вработен |
|---|---|---|---|---|
| Регулаторна комисија за домување | 136.194 | 4 | 6.537.329 | 90.215 |
| Агенција за регулирање на железничкиот сектор | 107.316 | 2 | 2.575.588 | 71.242 |
| Регулаторна комисија за енергетика | 100.185 | 26 | 31.257.772 | 66.557 |
| Агенција за цивилно воздухопловство | 98.657 | 69 | 82.871.896 | 65.553 |
| Агенција за електронски комуникации (АЕК) | 88.301 | 128 | 135.631.308 | 58.749 |
| Комисија за хартии од вредност | 88.002 | 23 | 22.264.451 | 58.553 |
| Агенција за супервизија на осигурувањето (АСО) | 85.596 | 27 | 27.733.000 | 56.972 |
| Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) | 65.921 | 29 | 22.940.657 | 44.046 |
| Агенција за пошти | 64.009 | 17 | 13.057.806 | 42.790 |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 58.291 | 50 | 34.974.838 | 39.033 |

Извор: Годишните и финансиските извештаи на регулаторните тела за 2016 година

[25] Регулаторни тела – успешна придобивка? Валентин Фетаџокоски, Фондација Отворено општество – Македонија, 2017 г. http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/ANALIZA-2-MK.pdf
[25] Податоците за бројот на вработени се согласно Годишниот извештај од РЕГИСТАРОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР 2016 http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/Godisen_izvestaj_2016_Registar_na_vraboteni_vo_JS.pdf

**Графикон 10. Месечни бруто-плати по вработен во регулаторните тела во Република Македонија за 2016 година, споредено со просечната месечна бруто-плата во РМ и просечната месечна бруто-плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување**




**Графикон 11. Месечни нето-плати по вработен во регулаторните тела во Република Македонија за 2016 година, споредено со просечната месечна нето-плата во РМ и просечната месечна нето-плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување**



Што се однесува, пак, до расходите за плати во регулаторните тела, може да се забележи дека просечните бруто и нето-плати на сите 10 институции се поголеми од просечната бруто и нето-плата во државата и се движат од 58.291 денар месечна бруто-плата по вработен, односно 39.033 просечна месечна нето-плата по вработен, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, до 136.194 денари просечна месечна бруто-плата по вработен или 90.215 денари просечна месечна нето-плата по вработен, во Регулаторната комисија за домување, што е за најмалку 25.469 денари повеќе од просечната месечна бруто-плата или за 16.733 денари повеќе од просечната месечна нето-плата во РМ, односно за 18.658 денари повеќе од просечната месечна бруто-плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување или за 12.258 денари повеќе од просечната месечна нето-плата во секторот Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување.

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ

1. Официјалната интернет-страница на Државниот завод за статистика на Република Македонија http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=14

2. Годишен извештај од РЕГИСТАРОТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР 2016 http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/Godisen_izvestaj_2016_Registar_na_vraboteni_vo_JS.pdf

3. Министерство за финансии на Република Македонија http://www.finance.gov.mk/

4. Народна банка на Република Македонија; Квартален извештај на Народната банка на Република Македонија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-kvartalen-izvestaj-statisticki-prilog-2017.nspx

5. КОЛКАВ И КАКОВ ЈАВЕН СЕКТОР ИМАМЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (РМ)? Центар за управување со промени (ЦУП) јануари, 2017 https://cup.org.mk/publications/Monitoring%20izvestaj_Mac_f%20(2).pdf

6. Официјалната интернет-страница на Собранието на РМ http://www.sobranie.mk/

7. Годишните и финансиските извештаи на регулаторните тела за 2016 година

8. https://www.mkd.mk/makedonija/ekonomija/chetvorica-vraboteni-vo-privatniot-sektor-izdrzhuvaat-po-eden-administrativec

9. СТРАТЕГИЈА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 2018-2022 година, 1.12.2017 г. http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/Draft_SRJA_2018-2022_16122017_final_mk.pdf

10. ЗАКОН ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ http://www.mio.gov.mk/files/pdf/dokumenti/zakoni/zas/ZAS_konsolidiran_13022018.pdf

11. ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2017 ГОДИНА http://www.slvesnik.com.mk/Issues/bbbbe866c8e5449a83fcdc5541d6d858.pdf стр.26

12. Регулаторни тела – успешна придобивка? Валентин Фетаџокоски, Фондација Отворено општество – Македонија, 2017 г. http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/ANALIZA-2-MK.pdf

13. Буџет и завршна сметка на буџетот на РМ во период од 2010 до 2018 година.